Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-713/1 од 25.9.2023 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-713/3
24-10-2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ЗАКЛУЧОК

**за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 25.9.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] за извршена дискриминација во областа на образование, против Министерство за труд и социјална политика и Кривичен суд Скопје 1.

Подносителот на претставката наведува дека при вработување во металскиот завод Тито – Скопје во 1965 година, и при подоцнежното преместување во Железара, се појавиле првите знаци на дискриминација против него. Имено, истакнато е дека бил испитуван и заплашуван во службата за државна безбедност, поради фактот што тој не бил евидентиран во матичните книги кои се водат за град Скопје, при што бил известен дека бил осомничен за шпионажа против СРМ, и следствено на тоа, бил советуван да ја напушти државата. Во однос на претходно наведеното, бил известен дека во неговиот случај бил вмешан Киро Глигоров со намера да узурпира материјално наследство и оттука, подносителот истакнува дека откако Киро Глигоров станал претседател на СРМ, тој поднел претставка до Комисијата за жалби на Собранието, до претседателот на Собранието Тито Петковски и до Уставниот суд на СРМ, при што од никого не добил одговор. Дополнително на ова, наведено е дека во меѓувреме добил податоци за неговиот личен идентитет, согласно кои бил роден на 15.5.1935 во брак помеѓу татко [redacted] припадник на во тоа време илегалната комунистичка партија, Германец и мајка Агнеза Бојаџиу, подоцна позната како Мајка Тереза.

Во претставката е наведено дека подносителот се обратил до Основниот кривичен суд Скопје 1 и до Народниот правобранител, при што тврди дека не е постапено по неговите претставки, и дека во однос на поднесокот до Основен суд Скопје 1, истиот неовластено го држи администраторот на судот. Во продолжение дополнително е наведено дека во Министерството за труд и социјална политика сè уште не било одговорено на неговото барање за социјална помош и здравствена заштита – пристап до матичен лекар.

На крајот на претставката, подносителот истакнува дека живее сам, без фамилија, без пензија, без социјална помош и со нерешена темелна прехрана, како и со доста нарушено здравје и висок степен на инвалидитет без здравствена заштита.

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде од наводите во претставката ќе утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20), која гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други*.

Согласно горенаведеното, не е сторено веројатно тврдењето дека е сторена дискриминација кон Александар Ѓорчевски. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

24.10.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]